Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеја 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“бр. 11/2015, 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр.303/2020), врз основа на Правилникот за систематизација на работни места во Установата и врз основа на Известување од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-8592/2 од ден 22.09.2023 година, ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2023**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

**Шифра: ДЕЗ 01 02 В04 002**

Звање и назив на работното место – **Помлад соработник – Сметководител**

Број на извршители: **1**

Посебни услови за работното место:

- степен и вид на образование: ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на Општествени науки - Економија и бизнис
- Положен стручен испит за јавни набавки
- со и без работно искуство во струката
-

Посебни работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Општи услови за работното место:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност како и:
- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Распоред на работно време:

- неделно работно време: од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40
- работно време со почеток на работно време 07:30 до 15:30 со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: **26.812,00**

Заинтересираните административни службеници, поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола.

Пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата потребно е во **рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас,** во хартиена форма да ги достават преку архивата на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола.

Кон пријавата кандидатите можат да приложат и:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнетата пријава нема да се разгледува. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола.